С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 19 година XLII

5 декември 2006

214.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт-деталниот урбанистички план за Индустриска зона-Локалитет 1 Велес

Се објавува Одлуката за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт-Деталниот урбанистички план за „Индустриска зона-Локалитет 1“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.11.2006 година.

Број 0801-4330/1
05 декември 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.11.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт деталниот урбанистички план за Индустриска зона Локалитет 1 - Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт деталниот урбанистички план за „Индустриска зона Локалитет 1“ (6.08ha) Велес.

По утврдувањето на Нацрт Деталниот урбанистички план за „Индустриска зона Локалитет 1“ (6.08ha) -Велес ќе се спроведе Јавната презентација и Јавната анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведе со изложување на планот во просториите на општината.

Времето на изложување на планот и спроведувањето на Јавната презентација и Јавната анкета е 15 работни дена, и ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и не прифатените забелешки од страна на стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-4235/3
29.11.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с,р.

215.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за утврдување намена и начин на користење на објект Ликовен салон

Се објавува Одлуката за утврдување намена и начин на користење на објект Ликовен салон, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.11.2006 година.

Број 0801-4330/2
05 декември 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.11. 2006 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување намена и начин на користење на објект Ликовен салон

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува намената и начинот на користење на објектот Ликовен салон, с о п с т в е н о с т н а О п ш т и н а В е л е с (во понатамошниот текст-салонот).

Член 2

Салонот се наменува за:

- организирање на изложби, концерти, промоции на книги, одржување на јавни часови по музика и други културни настани.
- склучување граѓански бракови и
- седиште на Туристичко информативно биро.

Член 3

Одржувањето на изложбите, концертите, промоциите, јавните часови по музика и другите културни настани во салонот, ќе се регулира со Правилник.

Правилникот ќе го донесе Советот на Општина Велес по предлог на Локалната установа „Народен музеј“, во соработка со Локалната библиотека „Гоце Делчев“ и Општинското основно музичко училиште„Киро Димов“.

Член 4

Локалната установа „Народен музеј“ ќе се грижи за непречено функционирање на салонот.

Салонот ќе работи со следното работно време: од 09,оо до 13,оо ч во претпладневните часови и од 17,оо до 20,оо часот во попладневните часови во работните денови. Во сабота од 9,оо до 12,оо час. во претпладневните часови,а во сабота попладне и недела по потреба.

Член 5

Локалната установа „Народен музеј“ ќе води евиденција за одржувањето на изложби, промоции, концерти и други културни настани и доставува извештај до Општина Велес за користењето на салонот.

Локалната библиотеката „Гоце Делчев“ ќе се грижи за редовно одржување на хигиената во салонот.

Општинското основно музичко училиште „Киро Димов“ ќе се грижи за одржување на концертниот клавир во салонот.

Член 6

Склучувањето на граѓански бракови ќе го организира Матичната служба при МВР-СВР Велес, во соработка со одговорниот службеник во салонот.

Распоредот за склучување на бракови Матичната служба при МВР-СВР Велес го утврдува неделно и го доставува до Општина Велес, а го усогласува со лицето одговорно за работата на Ликовниот салон.

Член 7

За денови во кои ќе се склучуваат бракови се определуваат: вторник, петок, сабота и недела.

За користење на салонот при склучување на граѓански брак, се определува надоместок од 800,оо денари во работните денови после работното време и неработни денови, а во работни денови во работно време утврдено со времето на матичната служба надоместокот е 300,оо денари.

Утврдениот надоместок се уплатува пред склучување на бракот, а уплатницата со другата потребна документација за склучување на брак се доставува до Матична служба при МВР СВР – Велес.

Член 8

Средствата собрани од надоместокот ќе се користат за исплата на ангажираните лица за склучување на граѓанскиот брак како и за тековно и инвестиционо одржување на објектот.

Висината на надоместокот на матичарот за деновите, сабота, недела и празници е 500,оо денари, а доколку склучувањето на бракот е во вторник и петок во попладневните часови, надоместокот е 250,оо денари,без оглед на тоа колку бракови се склучени во денот.

Член 9

Работата на Туристичко информативното биро ќе ја организира Општина Велес преку Одделението за економски развој и информатичка технологија.

Член 10

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надомест за трошоците што настануваат при склучување на бракови („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 3/03),

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-4235/4
29.11.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с,р.

216.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

Се објавува Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.11.2006 година.

Број 0801-4330/4
05 декември 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2006 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.15/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.11.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

1. На Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за замена на стара и дотраена електрична инсталација, се одобрува еднократен надоместок во висина од 32.830,оо денари.

2. На Борис Стевановски од н. Дорутовец за санирање на штета направена од пожар на неговата куќа, се одобрува еднократна помош во висина од 43.000,оо денари.

3.На Бошко Кузманов од Велес за санирање на штета направена од пожар на неговата куќа, се одобрува еднократна помош во висина од 5.000,оо денари.

4. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2006 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413, потставка 413110 - тековни разерви (разновидни расходи).

5.Се задолжува Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот при Општина Велес да го изврши наведеното решение.

6. Ова Решение влегува во осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-4235/7
29.11.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

217.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес

Се објавува Решението за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.11.2006 година.

Број 0801-4330/5
05 декември 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 46, став 1, алинеа 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.11.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес

1.На Александат Бузалков член на Советот на Општина Велес му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран, по негово лично барање.

Мандатот на членот му престанува на 29.11.2006 година.

2. Оваа Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-4235/9
29.11.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с,р.

218.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.11.2006 година.

Број 0801-4330/3
05 декември 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06), а согласно Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на спортот („Сл.гласник на Општина Велес“бр.1/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.11.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегираните надлежности

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализираните активности од областа на спортот по делегираните надлежности од Сојузот на спортови Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-4235/6
29.11.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с,р.

219.

Врз основа на член 51 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 27, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл. гласник на Општина Велес бр.11/06),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 05.12.2006година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за запирање од објавување на Заклучок за неусвојување на Извештајот за работењето во првите девет месеци од 2006 година на ЈКП "Дервен" Велес

Се запира од објавување Заклучокот за неусвојување на Извештајот за работењето во првите девет месеци од 2006 година на ЈКП "Дервен" Велес бр. 0701-4235/5 што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.11.2006 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0801-4319/1
05.12.2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с,р.

220.

Врз основа на член 51 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 27, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл. гласник на Општина Велес бр.11/06),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 05.12.2006година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за запирање од објавување на Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес

Се запира од објавување прописот - Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес бр.0701-4235/8 што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29.11.2006 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0801-4320/1
05.12.2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с,р.

Бр на акт **Страница**

214	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт-Деталниот урбанистички план за „Индустриска зона-Локалитет 1„Велес** **О Д Л У К А за утврдување и спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета на Нацрт Деталниот урбанистички план за „Индустриска зона Локалитет 1“ - Велес**	**271**
215	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за утврдување намена и начин на користење на објект Ликовен салон** **О Д Л У К А за утврдување намена и начин на користење на објект Ликовен салон**	**272**
216	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес**	**273**
217	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес**	**274**
218	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегираните надлежности**	**274**
219	**Р Е Ш Е Н И Е за запирање од објавување на Заклучок за неусвојување на Извештајот за работењето во првите девет месеци од 2006 година на ЈКП "Дервен" Велес**	**275**
220	**Р Е Ш Е Н И Е за запирање од објавување на Решение за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес**	**275**

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00